# ИЗМЕНА И ДОПОЛНА НА ПРОГРАМА ЗА УРЕДУВАЊЕ НА ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИШТЕ НА ПОДРАЧЈЕТО НА ОПШТИНАТА МАКЕДОНСКИ БРОД ЗА 2022 ГОДИНА

1.Во Програмата за уредување на градежно земјиште на подрачјето на Општина Македонски Брод за 2022 година, донесена од страна на Советот на Општина Македонски Брод, со број 18-750/16 од 29.11.2021 година, се врши следната измена и дополна во точка 4:

4. ВИСИНА НА НАДОМЕСТОКОТ ЗА УРЕДУВАЊЕ НА ГРАДЕЖНОТО ЗЕМЈИШТЕ и тоа точка 4.6.Надоместок за уредување за изградба на обновливи извори на енергија се менува и гласи:

-За изградба на објекти за производство на електрична енергија од обновливи извори (биогориво, биомаса, геотермална енергија и хидроенергија) 0,01 и

-За изградба на објекти за производство на електрична енергија од сончева енергија (фотонапонски панели) за 50% од површината на градежната парцела 0,01.

По точка 4.6 се додаваат три нови става кои гласат:

-За објекти за производство на електрична енергија од обновливи извори (биогориво, биомаса, геотермална енергија и хидроенергија) висината на трошоците за уредување на градежно земјиште не може да биде повисока од 30% од висината на просечната нето плата во РСМ за последната година помножена со коефициентот 0,01.

-За објекти за производство на електрична енергија од сончева енергија (фотонапонски панели) висината на трошоците за уредување на градежно земјиште не може да биде повисока од 20% од висината на просечната нето плата во РСМ за последната година помножена со коефициент 0,01.

За објекти за производство на електрична енергија од ветерна енергија (ветерници) висината на трошоците за уредување на градежно земјиште не може да биде повисока од 1.200.000 денари за една ветерница.

2.Останатите одредби од Програмата остануваат непроменети.

3.Изменувањето и дополнувањето на Програмата влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Македонски Брод“.

Бр.18- 205/13
28.02.2022 год.
Македонски Брод

Совет на Општина Македонски Брод
Претседател,
Ивица Аврамоски с.р.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 37 став 1 од Статутот на Општина Македонски Брод („Службен гласник на Општина Македонски Брод“ бр.2/03, 1/06, 1/11, 11/14, 1/15 и 4/17 – пречистен текст), Градоначалникот на Општина Македонски Брод донесува

# З А К Л У Ч О К

за објавување на измена и дополна на Програмата за уредување на градежно земјиште на подрачјето на Општина Македонски Брод за 2022 година

Се објавува измена и дополна на Програмата за уредување на градежно земјиште на подрачјето на Општина Македонски Брод за 2022 година, што Советот на Општина Македонски Брод ја донесе на 6 - та седница одржана на ден 28.02.2022 година.

Бр. 08 - 205/21
02.03.2022 година

Општина Македонски Брод
Градоначалник,
М-р Жарко Ристески с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.05/02), член 11 и член 25 од Закон за полиција („Службен весник на РМ“ бр.114/06, 6/09, 145/12 .... 64/18 и „Службен весник на РСМ“ бр.294/21) и член 21 став 1 точка 43 од Статутот на Општина Македонски Брод („Службен гласник на Општина Македонски Брод“ бр.4/17 - пречистен текст), Советот на Општина Македонски Брод на седницата одржана на ден 28.02.2022 година, донесе

# О Д Л У К А
## за изменување и дополнување на Одлуката за формирање на Локален совет за превенција

Член 1

Во Одлуката за формирање на Локален совет за превенција („Службен гласник на Општина Македонски Брод” бр.5/2018, 3/2019 и 5/2022) во членот 4 во алинеја 10 зборовите:„Драганче Огненоски” се заменуваат со зборовите„Драге Трпески”.

По алинеја 13 се додаваат две нови алинеи 14 и 15 кои гласат:

- Златко Лозаноски – началник на ОВР – ПС – ОН Македонски Брод
- Саше Костадиноски – претставник на верска заедница МПЦ

Член 2

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесување, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Македонски Брод”.

Бр.18 – 205/14
28.02.2022 година
Македонски Брод

Совет на Општина Македонски Брод
Претседател,
Ивица Аврамоски с.р.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 37 став 1 од Статутот на Општина Македонски Брод („Службен гласник на Општина Македонски Брод“ бр.2/03, 1/06, 1/11, 11/14, 1/15 и 4/17 – пречистен текст), Градоначалникот на Општина Македонски Брод донесува

# З А К Л У Ч О К

за објавување на Одлука за изменување и дополнување на одлуката за формирање на Локален совет за превенција

Се објавува Одлука за изменување и дополнување на одлуката за формирање на Локален совет за превенција, што Советот на Општина Македонски Брод ја донесе на 6 - та седница одржана на ден 28.02.2022 година.

Бр. 08 - 205/21
02.03.2022 година

Општина Македонски Брод
Градоначалник,
М-р Жарко Ристески с.р.

Врз основа на член 22 точка 1 став 3, член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.02/03), член 15 став 1 точка 3 и член 21 став 1 точка 11 од Статутот на Општина Македонски Брод („Службен гласник на Општина Македонски Брод“ бр.05/03), Советот на Општина Македонски Брод, на седницата одржана на 28.02.2022 година, ја донесе следната:

# О Д Л У К А

за изготвување на Стратегија за локален развој на Општина Македонски Брод за периодот од 2023 - 2028 година

Член 1

Согласно оваа Одлука ќе се изготви Стратегија за локален развој на Општина Македонски Брод за периодот од 2023 - 2028 година

Член 2

Стратегијата за локален развој на Општина Македонски Брод ќе ја изготви работна група формирана од страна на градоначалникот на Општина Македонски Брод.

Член 3

Одлуката влегува во сила наредниот ден од објавувањето во „Службен гласник на Општина Македонски Брод“.

Бр. 18 – 205/15
28.02.2022 година

Совет на Општина Македонски Брод
Претседател,
Ивица Аврамоски с.р.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 37 став 1 од Статутот на Општина Македонски Брод („Службен гласник на Општина Македонски Брод“ бр.2/03, 1/06, 1/11, 11/14, 1/15 и 4/17 – пречистен текст), Градоначалникот на Општина Македонски Брод донесува

# З А К Л У Ч О К

за објавување на Одлука за изготвување на Стратегија за локален развој на Општина Македонски Брод за периодот од 2023 - 2028 година

Се објавува Одлука за изготвување на Стратегија за локален развој на Општина Македонски Брод за периодот од 2023 - 2028 година, што Советот на Општина Македонски Брод ја донесе на 6 - та седница одржана на ден 28.02.2022 година.

Бр. 08 - 205/21
02.03.2022 година

Општина Македонски Брод
Градоначалник,
М-р Жарко Ристески с.р.

Врз основа на член 11 став 1 алинеја 4 и член 142 став 1 и став 2 од Законот за социјалната заштита („Службен весник на РСМ“ бр.104/2019), член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 24 став 1 точка 8 од Статутот на Општина Македонски Брод („Службен гласник на Општина Македонски Брод“ бр.02/03, 1/06, 1/11, 11/14, 1/15 и 4/17 - пречистен текст), Советот на Општина Македонски Брод на 6-та седница одржана на ден 28.02.2022 година, донесе

# О Д Л У К А

за изменување на одлуката за формирање на општински совет за социјална заштита на Општина Македонски Брод

Член 1

Во Одлука за формирање Општински совет за социјална заштита на Општина Македонски Брод („Службен гласник на Општина Македонски Брод” бр.10/19) членот 4 се менува и гласи:

За членови на Општинскиот совет за социјална заштита на Општина Македонски Брод, се именуваат:

- Томислав Стојкоски - претставник на општинска администрација;
- Милка Стаменкоска - претставник на општинска администрација;
- Синиша Радески, претставник од ЈУ „Меѓуопштински центар за социјална работа Македонски Брод“;
- Спасе Димоски – АВРМ - Македонски Брод
- Ненад Симјаноски, претставник од ОВР, ПС ОН Македонски Брод;
- Емилија Димоска, претставник од СОУ „Св.Наум Охридски“ Македонски Брод;
- Кристина Симјаноска, претставник од ООУ „Св.Климент Охридски“ Македонски Брод;
- Маријана Стојкоска, претставник од ЈЗУ „Здравствен дом“ - Македонски Брод;
- Александар Ѓурчески, претставник, физичко лице;
- Зоран Ставрески, претставник на верска заедница МПЦ;
- Радица Димоска, кординатор на проект на ОО Црвен крст.

Член 2

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Македонски Брод“.

Број 18 - 205 /16
28.02.2022 година
Македонски Брод

Совет на Општина Македонски Брод
Претседател,
Ивица Аврамоски с.р.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 37 став 1 од Статутот на Општина Македонски Брод („Службен гласник на Општина Македонски Брод“ бр.2/03, 1/06, 1/11, 11/14, 1/15 и 4/17 – пречистен текст), Градоначалникот на Општина Македонски Брод донесува

# З А К Л У Ч О К

за објавување на Одлука за изменување на Одлука за формирање Општински совет за социјална заштита на Општина Македонски Брод

Се објавува Одлука за изменување на Одлука за формирање Општински совет за социјална заштита на Општина Македонски Брод што Советот на Општина Македонски Брод ја донесе на 6 - та седница одржана на ден 28.02.2022 година.

Бр. 08 - 205/21
02.03.2022 година

Општина Македонски Брод
Градоначалник,
М-р Жарко Ристески с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02), член 21 став 1 од Статутот на Општина Македонски Брод („Службен гласник на Општина Македонски Брод“ бр.2/03 ... 4/17 - пречистен текст), по доставено барање од СОУ „Св.Климент Охридски“ - Македонски Брод со арх.бр.05-99/1 од 21.02.2022 година, Советот на Општина Македонски Брод на 6 - та седница одржана на ден 28.02.2022 година, донесе

# О Д Л У К А

за давање на согласност на Одлуката на УО со бр.02-60/7 од 09.02.2022 година на ООУ „Св.Климент Охридски“ - Македонски Брод за отворање на донаторска сметка

1.Советот на Општина Македонски Брод, дава согласност на Одлуката на УО на ООУ „Св.Климент Охридски“ - Македонски Брод со арх.бр.02-60/7 од 09.02.2022 година за отворање на донаторска сметка за реализација на Проект по поднесена Апликација за ЕРАЗМУС+КА122-SCH - Краткорочни проекти за мобилност на ученици и вработени.

**2**. Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Македонски Брод“.

Бр. 18 - 205/17
28.02.2022 година
Македонски Брод

Совет на Општина Македонски Брод
Претседател,
Ивица Аврамоски с.р.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 37 став 1 од Статутот на Општина Македонски Брод („Службен гласник на Општина Македонски Брод“ бр.2/03, 1/06, 1/11, 11/14, 1/15 и 4/17 – пречистен текст), Градоначалникот на Општина Македонски Брод донесува

# З А К Л У Ч О К

за објавување на Одлука за давање на согласност на Одлуката на УО со бр.02-60/7 од 09.02.2022 година на ООУ „Св.Климент Охридски“ - Македонски Брод за отворање на донаторска сметка

Се објавува Одлука за давање на согласност на Одлуката на УО со бр.02-60/7 од 09.02.2022 година на ООУ „Св.Климент Охридски“ - Македонски Брод за отворање на донаторска сметка, што Советот на Општина Македонски Брод ја донесе на 6 - та седница одржана на ден 28.02.2022 година.

Бр. 08 - 205/21
02.03.2022 година

Општина Македонски Брод
Градоначалник,
М-р Жарко Ристески с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 21 од Статутот на Општина Македонски Брод („Службен гласник на Општина Македонски Брод“ бр.02/03, 1/06, 1/11, 11/14, 1/15 и 4/17 - пречистен текст), Советот на Општина Македонски Брод на 6 - та седница одржана на ден 28.02.2022 година, донесе

# О Д Л У К А

за субвенционирање на оброк за учениците во ООУ „Св.Климент Охридски“ - Македонски Брод

Член 1

Со оваа Одлука се одобрува субвенционирање на оброк за ученици во дневен престој/целодневна настава во ООУ „Св.Климент Охридски” Македонски Брод.

Член 2

Бесплатниот оброк ќе биде организиран од страна ООУ „Св.Климент Охридски” Македонски Брод.

Општина Македонски Брод по барање на ООУ „Св.Климент Охридски” Македонски Брод ќе субвенционира дел од трошоците за бесплатниот оброк за учениците.

Член 3

Средствата за финансиското учество ќе бидат обезбедени од Буџетот на Општина Македонски Брод.

**Член 4**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Македонски Брод“.

Број 18 - 205/18
28.02.2022 година

Претседател на Совет на Општина Македонски Брод
Ивица Аврамоски с.р.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 37 став 1 од Статутот на Општина Македонски Брод („Службен гласник на Општина Македонски Брод“ бр.2/03, 1/06, 1/11, 11/14, 1/15 и 4/17 – пречистен текст), Градоначалникот на Општина Македонски Брод донесува

# З А К Л У Ч О К

за објавување на Одлука за субвенционирање на оброк за учениците во ООУ „Св.Климент Охридски“ - Македонски Брод

Се објавува Одлука за субвенционирање на оброк за учениците во ООУ „Св.Климент Охридски“ - Македонски Брод, што Советот на Општина Македонски Брод ја донесе на 6 - та седница одржана на ден 28.02.2022 година.

Бр. 08 - 205/21
02.03.2022 година

Општина Македонски Брод
Градоначалник,
М-р Жарко Ристески с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 9 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02), член 21 точка 31 од Статутот на Општина Македонски Брод („Службен гласник на Општина Македонски Брод“ бр.2/3 …. 4/17 - пречистен текст), по доставено Укажување со арх.бр.18-189/1 од 16.02.2022 година од ЈЗУ Здравствен дом Македонски Брод, Советот на Општина Македонски Брод на 6 - та седница одржана на ден 28.02.2022 година, донесе

# З А К Л У Ч О К

по доставено укажување од ЈЗУ Здравствен дом - Македонски Брод

1.Советот на Општина Македонски Брод на седницата одржана на ден 28.02.2022 година донесе Заклучок со кој се констатира дека Општина Македонски Брод, односно Советот на Општина Македонски Брод нема надлежност да утврдува постоење на евентуален судир на интереси во делот на именувањето и работењето на членовите на Управните одбори именувани од наша страна.

2. Во случај кога постои сомневање за постоење на судир на интереси, согласно член 76 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на РМ“ бр.12/2019), Државната комисија за спречување на корупција поведува постапка за утврдување постоење судир на интереси.

3. Именуваното - службеното лице во своето работење, согласно член 72 став 1 од истиот закон е должно да внимава на потенцијален судир на интереси и да преземе мерки за негово одбегнување.

4. Во случај на постоење на сомневање за судир на интереси, именуваното - службеното лице е должно да побара мислење од Државната комисија за спречување на корупција согласно член 72 став 3 од истиот закон.

5. Овој Заклучок влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Македонски Брод”.

Број 18 - 205/19
28.02.2022 година
Македонски Брод

Совет на Општина Македонски Брод
Претседател,
Ивица Аврамоски с.р.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 37 став 1 од Статутот на Општина Македонски Брод („Службен гласник на Општина Македонски Брод“ бр.2/03, 1/06, 1/11, 11/14, 1/15 и 4/17 – пречистен текст), Градоначалникот на Општина Македонски Брод донесува

# З А К Л У Ч О К

за објавување на Заклучок по доставено укажување од ЈЗУ Здравствен дом - Македонски Брод

Се објавува Заклучок по доставено укажување од ЈЗУ Здравствен дом - Македонски Брод, што Советот на Општина Македонски Брод го донесе на 6 - та седница одржана на ден 28.02.2022 година.

Бр. 08 - 205/21
02.03.2022 година

Општина Македонски Брод
Градоначалник,
М-р Жарко Ристески с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.05/02) и член 21 од Статутот на Општина Македонски Брод („Службен гласник на Општина Македонски Брод“ бр.2/03 ... 4/17 - пречистен текст), а согласно член 31 од Одлуката за извршување на Буџетот на Општина Македонски Брод за 2022 година („Службен гласник на Општина Македонски Брод“ бр.11/21) и Правилникот за утврдување на критериуми за доделување на парична помош за утврдени категории на лица донесен од страна на Совет на Општина Македонски Брод по доставени барања од физички лица од комисијата за општествени дејности, по доставено барање од физичко лице Стана Конеска с.Слатина, Советот на Општина Македонски Брод на 6 - та седница одржана на ден 28.02.2022 година донесе

# Р Е Ш Е Н И Е

за одобрување на средства од Буџетот на Општина Македонски Брод како еднократен надоместок по барања од физички лица

1.Советот на Општина Македонски Брод на седницата одржана на ден 28.02.2022 година донесе решение за одобрување на еднократен надоместок и тоа како следи на:

- Стана Конеска (за син Мирко Конески) и се одобрува еднократен надоместок во износ од 6.000,00 денари.

2.Средствата за оваа намена ќе бидат исплатени од Буџетот на Општина Македонски Брод за 2022 година, програма АО Совет на Општина Македонски Брод, ставка 464, подставка 464 990 други трансфери.

3.Се задолжува Одделението за финансиски прашања при Општина Македонски Брод да го изврши наведеното решение согласно расположливите средства.

4.Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесување, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Македонски Брод.

Бр.18 - 205/20
28.02.2022 година

Совет на Општина Македонски Брод
П р е т с е д а т е л,
Ивица Аврамоски с.р.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 37 став 1 од Статутот на Општина Македонски Брод („Службен гласник на Општина Македонски Брод“ бр.2/03, 1/06, 1/11, 11/14, 1/15 и 4/17 – пречистен текст), Градоначалникот на Општина Македонски Брод донесува

# З А К Л У Ч О К

за објавување на Решение за одобрување на средства од Буџетот на Општина Македонски Брод како еднократен надоместок по барања од физички лица

Се објавува Решение за одобрување на средства од Буџетот на Општина Македонски Брод како еднократен надоместок по барања од физички лица, што Советот на Општина Македонски Брод го донесе на 6 - та седница одржана на ден 28.02.2022 година.

Бр. 08 - 205/21
02.03.2022 година

Општина Македонски Брод
Градоначалник,
М-р Жарко Ристески с.р.

**Службен гласник број 2 од 02.03.2022 година на Совет на Општина Македонски Брод**

# С О Д Р Ж И Н А


Заклучок за усвојување на Завршната сметка за 2021 година на Општина Македонски Брод ........................................................................................................ стр. 2

Финансиски извештај на Општина Македонски Брод за 2021 година ................. стр. 3

Заклучок за објавување на Заклучок за усвојување на Завршната сметка за 2021 година на Општина Македонски Брод ....................................................................... стр. 10

Заклучок за усвојување на Завршната сметка на ООУ „Св.Климент Охридски“ Македонски Брод за 903, 787 и 603 за 2021 година ........................................................ стр. 11

Заклучок за објавување на Заклучок за усвојување на Завршната сметка на ООУ „Св.Климент Охридски“ Македонски Брод за 903, 787 и 603 за 2021 година ................ стр. 12

Заклучок за усвојување на Завршната сметка на СОУ „Св.Наум Охридски“ Македонски Брод за с-ки 903, 785, 787 и 603 за 2021 година .......................................... стр. 13

Заклучок за објавување на Заклучок за усвојување на Завршната сметка на СОУ „Св.Наум Охридски“ Македонски Брод за с-ки 903, 785, 787 и 603 за 2021 година ..... стр. 14

Заклучок за усвојување на Завршната сметка на ОЈУ за деца Детска градинка „7-ми Септември“ Македонски Брод за с-ки 903 и 787 за 2021 година .................................... стр. 15

Заклучок за објавување на Заклучок за усвојување на Завршната сметка на ОЈУ за деца Детска градинка „7-ми Септември“ Македонски Брод за с-ки 903 и 787 за 2021 година ........................................................................................................................... стр. 16

Заклучок за усвојување на Завршната сметка на ОУ Дом на култура Македонски Брод за с-ки 903, 787 и 603 за 2021 година ................................................................... стр. 17

Заклучок за објавување на Заклучок за усвојување на Завршната сметка на ОУ Дом на култура Македонски Брод за с-ки 903, 787 и 603 за 2021 година .............................. стр. 18

Заклучок за усвојување на Завршната сметка на ЈП „Водовод и канализација“ Македонски Брод за 2021 година ........................................................................... стр. 19

Заклучок за објавување на Заклучок за усвојување на Завршната сметка на ЈП „Водовод и канализација“ Македонски Брод за 2021 година .......................................... стр. 20

Заклучок за усвојување на Завршната сметка на ЈКП „Комунална хигиена“ Македонски Брод за 2021 година ........................................................................... стр. 21

Заклучок за објавување на Заклучок за усвојување на Завршната сметка на ЈКП „Комунална хигиена“ Македонски Брод за 2021 година ................................................ стр. 22

Заклучок за усвојување на Годишен извештај за работа на ОУ Дом на култура Македонски Брод за 2021 година ........................................................................ стр. 23

Заклучок за објавување на Заклучок за усвојување на Годишен извештај за работа на ОУ Дом на култура Македонски Брод за 2021 година ................................................... стр. 24

Заклучок за усвојување на полугодишна информација за безбедносната состојба на подрачјето на ОВР ПС ОН – Македонски Брод за второ полугодие од 2021 година .... стр. 25

Заклучок за објавување на Заклучок за усвојување на полугодишна информација за безбедносната состојба на подрачјето на ОВР ПС ОН – Македонски Брод за второ полугодие од 2021 година ................................................................................... стр. 26

Заклучок за усвојување на Извештај за работа на Истражувачко друштво „Урсус Спелеос“ и Споменикот на природа „Слатински Извор“ за 2021 година ....................... стр. 27

Заклучок за објавување на Заклучок за усвојување на Извештај за работа на Истражувачко друштво „Урсус Спелеос“ и Споменикот на природа „Слатински Извор“ за 2021 година ............................................................................................................. стр. 28

Измена и дополна на Програма за уредување на градежно земјиште на подрачјето на Општина Македонски Брод за 2022 година ....................................................................... стр. 29

Заклучок за објавување на Измена и дополна на Програма за уредување на градежно земјиште на подрачјето на Општина Македонски Брод за 2022 година ......................... стр. 30

Одлука за изменување и дополнување на Одлуката за формирање на Локален совет за превенција .............................................................................................................. стр. 31

Заклучок за објавување на Одлука за изменување и дополнување на Одлуката за формирање на Локален совет за превенција .......................................................... стр. 32

Одлука за изготвување на Стратегија за локален развој на Општина Македонски Брод за период од 2023 - 2028 година ..................................................................... стр. 33

Заклучок за објавување на Одлука за изготвување на Стратегија за локален развој на Општина Македонски Брод за период од 2023 - 2028 година ......................................... стр. 34

Одлука за изменување на Одлука за формирање на Општински совет за социјална заштита на Општина Македонски Брод ......................................................................... стр. 35

Заклучок за објавување на Одлука за изменување на Одлука за формирање на Општински совет за социјална заштита на Општина Македонски Брод ........................ стр. 36

Одлука за давање на согласност на Одлуката на УО со бр.02-60/7 од 09.02.2022 година на ООУ „Св.Климент Охридски“ - Македонски Брод за отворање на донаторска сметка ....................................................................................................................... стр. 37

Заклучок за објавување на Одлука за давање на согласност на Одлуката на УО со бр.02-60/7 од 09.02.2022 година на ООУ „Св.Климент Охридски“ - Македонски Брод за отворање на донаторска сметка ........................................................................................ стр. 38

Одлука за субвенционирање на оброк за учениците во ООУ „Св.Климент Охридски“ - Македонски Брод .................................................................................................... стр. 39

Заклучок за објавување на Одлука за субвенционирање на оброк за учениците во ООУ „Св.Климент Охридски“ - Македонски Брод ........................................................ стр. 40

Заклучок по доставено укажување од ЈЗУ Здравствен дом Македонски Брод ............................................................................................................................ стр. 41

Заклучок за објавување на Заклучок по доставено укажување од ЈЗУ Здравствен дом Македонски Брод ............................................................................................. стр. 42

Решение за одобрување на средства од Буџетот на Општина Македонски Брод како еднократен надоместок по барања од физички лица ....................................................... стр. 43

Заклучок за објавување на Решение за одобрување на средства од Буџетот на Општина Македонски Брод како еднократен надоместок по барања од физички лица ............................................................................................................................ стр. 44